# Службен весник на Република Македонија

**Број 25** **1 февруари 2014, сабота** **година LXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 884. | **Решение** за распишување избор за претседател на Република Македонија………………………………… | 2 |
| 885. | **Правилник** за трговија со материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија (*). | 2 |
| 886. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на барањето за правото на закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за потребите на јавните научни и државно образовни институции од областа на земјоделството, за потребите на казнено-поправните и воспитно-поправните установи и сопствениците на долгогодишен насад, оранжерии или објекти и потребната документација.................... | 22 |
| 887. | **Решение** за давање дозвола за работење на брокер............................. | 24 |
| 888. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност....................................... | 24 |
| 889. | **Правилник** за измена на Правилникот за надоместоци за задолжителните пензиски фондови.............. | 24 |
| 890. | **Правилник** за содржината на инвестициона стратегија на пензиски фонд.................................................... | 25 |
| 891. | **Одлука** за избор на јавен обвинтел за времено упатување во друго јавно обвинителство најмногу до 6 (шест) месеци.................................... | 26 |
| 892. | **Одлука** за избор на јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија, основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Охрид, јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Прилеп, јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Штип.......................... | 27 |
| 893. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... | 27 |
| 894. | **Одлука** за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.... | 29 |
| 895. | **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија................................ | 32 |
| 896. | **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија................................ | 32 |
| | **Огласен дел.......................................** | **1-16** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**884.**

Врз основа на член 67 став 4 од Уставот на Република Македонија и член 12 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013 и 14/2014), претседателот на Собранието на Република Македонија, на 1 февруари 2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАСПИШУВАЊЕ ИЗБОР ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

Се распишува избор за претседател на Република Македонија.

II

Изборот ќе се одржи на 13 април 2014 година.

III

Роковите за извршување на изборните дејствија почнуваат да течат од денот на објавувањето на Решението во „Службен весник на Република Македонија“.

IV

Решението ќе го спроведат Државната изборна комисија, општинските изборни комисии, избирачките одбори и избирачките одбори за гласање во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија.

V

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-608/1
1 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**885.**

Врз основа на член 6 став (2), член 8 ставови (11) и (12), член 15 став (2), член 16 став (3), член 17 став (3), член 18 став (5), член 27 став (3) и член 29 став (2) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13 и 187/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ТРГОВИЈА СО МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД УКРАСНИ РАСТЕНИЈА (*)**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет на уредување**

Со овој правилник се пропишуваат:

- видовите и количините на материјал за размножување и саден материјал на производителите на мали количини наменети за лична употреба;
- начинот на пакувањето и етикетирањето, формата и содржината на етикетата, начинот и постапката за официјална сертификација на материјалот за размножување и саден материјал, како и условите во поглед на сортната чистота и квалитетот на садниот материјал од одделни видови украсни растенија;
- видовите на материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија, како и поблиските услови за ставање во трговија;
- поблискиските услови на снабдувачот за производство и подготовка за трговија на материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија;
- формата и содржината и начинот за водење на евиденцијата на производството на материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија и поблиските услови за вршење на подготовката за трговија;
- начинот и постапката за вршење на стручна контрола, како и условите за производство што треба да ги исполнува материјалот за размножување и садниот материјал;
- начинот и постапката за производство на официјално сертифициран материјал за размножување и саден материјал од украсни видови како и роковите, формата и содржината на пријавата;
- одделните видови на материјалот за размножување и саден материјал од украсни растенија и поблиските услови за нивен увоз; и
- количествата на семенски и саден материјал од видови украсни растенија во оригинално пакување кои можат да се увезуваат за лична употреба.

Член 2
**Значење на поимите**

Поимите употребувани во овој правилник го имаат следното значење:

1. Украсни растенија се сите растенија кои се употребуваат за украсување (зелести цветни и зелести лисно декоративни растенија, дрвја од украсни овошни растенија, грмушки и треви);
2. Материјал за размножување е семе, делови од растенија, цели растенија, садни подлоги, питомки, бусени, розети, геофити (луковици, кртоли, кртолести луковици, кртолести корења, ризоми) и меристемско ткиво, наменети за размножување и производство на саден материјал од украсни растенија;
3. Саден материјал се цели растенија добиени со генеративно или вегетативно размножување, наменети за производство на украсни растенија;
4. Сорта е група на растенија во рамките на најниска ботаничка класификација, која се: определува со изразени карактеристики кои произлегуваат од одреден генотип или од комбинација од генотипови, се разликува од кој било друга група на растенија, барем по една од изразените карактеристики и се третира како целина доколку тие карактеристики во размножувањето се постојани;
5. Снабдувач на материјал за размножување и саден материјал на украсни растенија е секое домашно или странско, правно или физичко лице кое врши една или повеќе дејности поврзани со производство, пакување, етикетирање, трговија и увоз или извоз на материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија;

---

* Со овој правилник се врши усогласување со Директивата 1998/56 на Советот на Европската Унија од 20 јули 1998 година за продажба на материјал за размножување на украсни растенија CELEX број 31998L0056 и Директивата 1999/66 на Комисијата на Европската унија од 28 јуни 1999 година за утврдување на барањето за етикети и друг документи што го изготвува доставувачот во согласност со Директивата 1998/56 на Советот, CELEX број 31999L0066.

6. Трговија е понуда за продажба или продажба и дистрибуција на материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија на трето лице, односно секоја дистрибуција на материјал за размножување од украсни растенија наменети за трговија;

7. Надлежен орган за сертификација е Управата за семе и саден материјал (во понатамошниот текст: Управата) во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

8. Официјален орган за сертифицирање е правно лице на кое му е дадено јавно овластување за вршење на стручна контрола на поле и во лабораторија на материјалот за размножување од украсни растенија; и

9. Партија е број и количество на материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија од ист вид и сорта, препознатливи по својата хомогеност по составот и потеклото.

Член 3

**Видови на материјал за размножување и саден метеријал од украсни растенија**

Видовите на материјал за размножување и саден метеријал од украсни растенија кои се наменети за трговија се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија наменет за лична употреба

Материјалот за размножување и садниот материјал од украсни растенија (во понатамошниот текст: материјал за размножување и саден материјал) наменет за лична употреба се украсните растенија од Прилог 1 на овој правилник кои се произведуваат на парцела до 50 м2 во заштитен простор или 100 м2 на отворено.

## II. УСЛОВИ ЗА СТАВАЊЕ ВО ТРГОВИЈА НА МАТЕРИЈАЛОТ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 5

**Општи услови за ставање во трговија**

(1) Снабдувачот на материјал за размножување и саден материјал на украсни растенија (во понатамошниот текст: снабдувач) може да врши трговија со материјал за размножување и саден материјал доколку ги исполнува условите за ставање во трговија согласно овој правилник.

(2) Со материјалот за размножување и садниот материјал кој содржи генетски модифициран организам, се тргува доколку е во согласност со Законот за генетски модифицирани организми (*).

(3) Материјалот за размножување и садниот материјал може да се стави во трговија од сите видови на украсни растенија само доколку е сертифициран, соодветно спакуван, етикетиран и ги исполнува условите од Законот за здравјето на растенијата (*).

Член 6

**Посебни услови за ставање во трговија во поглед на сортната чистота и квалитет на материјалот за размножување и садниот материјал**

(1) Материјалот за размножување и садниот материјал може да се стави во трговија доколку ги исполнува следните условите во поглед на сортна чистота:

- семенскиот материјал кој се користи за добивање на материјалот за размножување и садниот материјал треба да има соодветна аналитична чистота, ‘ртливост и влага соодветен на видот на кој му припаѓа и да биде сортно чист и

- да има автентичност на сорта и подлога, како и соодветна вегетативна развиеност.

(2) Со материјалот за размножување и садниот материјал од сите видови може да се тргува доколку сортата е:

- правно заштитена согласно прописите за заштита на новите сорти; или

- општо позната (ако е официјално регистрирана во земја членка на Европска Унија или е предмет на барање и постапка за официјална регистрација); или

- запишана во евиденцијата која ја води снабдувачот, во случај кога сортата не ги исполнува условите од алинеја 1 и 2 од овој став.

(3) Материјалот за размножување и садниот материјал може да се стави во трговија доколку ги исполнува следните услови за квалитет и тоа да:

- има сертификат за конечно сертифициран материјал за рамножување и саден материјал со наведено името на сортата, а кога материјалот за размножување е подлога во сертификатот треба да биде наведен и видот или хибридот;

- има задоволителна вегетативна развиеност без знаци на оштетување кои би можеле да влијаат на квалитетот и да ја намалиле неговата употребна вредност;

- во најголема мера е ослободен од штетни организми (врз основа на визуелен преглед), кои би можеле да влијаат на неговиот квалитет односно без знаци и симптоми на присуство на штетни организми кои ја намалуваат неговата употребна вредност; и

- е доволно витален со димензии за да може да се употреби како материјал за размножување или како саден материјал, односно треба да има соодветен однос помеѓу корените, стеблата и листовите.

(4) Луковици, кртоли, кртолести луковици, кртолести корења и ризоми наменети како материјалот за размножување и садниот материјал, треба да бидат произведени директно од материјал, кој за време на развојот бил прегледан и било утврдено дека е без штетни организми.

## III. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 7

**Пријавување на производството на материјал за размножување и саден материјал**

(1) Снабдувачот треба да го пријави производството на материјал за размножување и саден материјал за официјално сертифицирање најдоцна 30 дена по отпочнувањето на производството до Управата и официјалниот орган за сертифицирање со пријава на образец во формат А4, даден во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

(2) Снабдувачот кон пријавата од став (1) од овој член, треба да приложи копии од документи, со кои се докажува потеклото на употребениот семенски, саден материјал и материјал за размножување.

(3) Доколку снабдувачот употреби семенски и саден материјал кое сам го произвел, треба да достави копија од официјалниот сертификат.

Член 8
**Начин на водење на евиденција на производството**

(1) Снабдувачот ги следи и евидентира следните критични точки во процесот на производство, кои директно влијаат врз квалитетот на материјалот за размножување и садниот материјал и тоа:
- планот и начинот на производство;
- квалитетот на употребениот материјал за размножување во производството;
- начинот на сеење на семето, односно садење и пресадување на материјалот за размножување;
- технологијата на одгледување на расадот, матичните растенија, геофитите и бусените во расадникот;
- начиниот и постапките за размножување на материјалот;
- хемиските средства со кои се третира материјалот за размножување и садниот материјал;
- усогласеноста со барањата утврдени во прописите со кои се уредува здравствената заштита на растенијата;
- хигиената;
- видот на амбалажата;
- начинот на пакување и етикетирање; и
- складирањето, чувањето и транспортот.

(2) Снабдувачот кој произведува материјал за размножување и саден материјал треба да води евиденција за официјално сертифицираните украсни растенија со податоци за: снабдувачот (адреса, регистарски број и датум на упис во регистарот); локацијата; здравствениот статус; видот на материјал за размножување и саден материјал; потеклото на употребениот материјал за добивање на материјал за размножување и саден материјал; годината и растојанието на садење; видот, сортата, подлогата, бројот на растенијата; бројот и датумот на сертификатот за конечно сертифицирани материјал за размножување и саден материјал.

(3) Снабдувачот води евиденција за набавениот материјал за размножување и садниот материјал од домашно потекло и од увоз на образец, со формат А4 во бела боја даден во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

(4) Снабдувачот води евиденција за употребениот материјал за размножување и садниот материјал од украсни растенија на образец, со формат А4 во бела боја даден во Прилог 4, кој е составен дел на овој правилник.

(5) Снабдувачот води евиденција за произведениот материјал за размножување и садниот материјал од украсни растенија на образец, со формат А4 во бела боја даден во Прилог 5, кој е составен дел на овој правилник.

(6) Снабдувачот води евиденција за продадениот материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија на образец, со формат А4 во бела боја даден во Прилог 6, кој е составен дел на овој правилник.

(7) Снабдувачот води евиденција за извезениот материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија на образец, со формат А4 во бела боја даден во Прилог 7, кој е составен дел на овој правилник.

(8)Снабдувачот треба постојано да ги следи и да врши преглед на критичните точки при производството во однос на здравствената состојба на материјал за размножување и саден материјал.

(9) За подобра евиденција на материјалот за размножување и садниот материјал, треба истиот да биде одвоен по партии на производство.

(10) По исклучок од став (9) од овој член, снабдувачот за време на пакувањето, складирањето, транспортирањето или доставувањето, материјалот за размножување и садниот материјал може да го спои во една партија, иако е произведен на различни производни површини, но за тоа е потребно да води евиденција со податоци за составот на споената партија и за производните површини од кои е составена партијата.

## IV. ПАКУВАЊЕ И ЕТИКЕТИРАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 9
**Начин на пакување и етикетирање**

(1) Материјалот за размножување и садниот материјал може да се стави во трговија во хомогени партии, спакуван и означен со етикета на пакувањето, која треба да ги содржи податоците од член 10 став (3) на овој правилник.

(2) Во текот на производството и трговијата, снабдувачот треба да го пакува материјалот за размножување и садниот материјал одделно или во збирни количини зависно од видот (снопови, табли, гајби и вреќи) од иста партија.

(3) Материјалот за размножување и садниот материјал од украсни растенија се пакува во снопови. Луковиците, кртолите и кртолестите луковици се пакуваат во кеси, кутии и вреќи. Семенскиот материјал се пакува во соодветна амбалажа со нето тежина која ја одредува снабдувачот или со број на семки во пакувањето.

(4) Розетите и бусените од украсни треви, перени и собни растенија се пакуваат во амбалажа без врзување во снопови.

(5) Снабдувачот може во текот на пакување, чување, транспорт или испорака да го здружи материјалот за размножување и садниот материјал од различни партии, под услов да води евиденција за составот и потеклото на поединечните партии во збирното количество.

(6) За пакување на материјалот за размножување и садниот материјал се употребува амбалажа од материјали кои најсоодветно можат да го заштитат растителниот материјал од оштетување при транспорт, манипулација и складирање.

(7) Пакувањето на материјалот за размножување и саден материјал не би можело да се отвори без да има остатоци од оштетување на пакувањето или на етикетите.

(8) Материјалот за размножување и садниот материјал се етикетираат на збирните пакувања, додека садниот материјал по потреба може да се етикетира поединечно.

Член 10
**Форма и содржина на етикета**

(1) Етикетата од член 9 став (8) на овој правилник, треба да е направена од претходно неупотребуван материјал и отпорен на влага. Содржината на етикетата треба да биде испечатена со небришлива и фотостабилна боја на македонски јазик.

(2) Бојата на етикетата е жолта со димензија од најмалку 110 mm x 70 mm.

(3) Етикетата треба да ги содржи следните податоци:

- ознака за "ЕУ квалитет";
- држава на производство;
- надлежен орган за сертификација;
- регистерски број на снабдувачот;
- име и презиме, адреса и седиште на снабдувачот;
- датум на издавање на сертификатот на снабдувачот;
- сериски број на етикетата;
- број на партијата;
- ботаничко име на видот;
- име на сортата, а во случај на подлога име на подлогата или нејзина ознака;
- количина; и
- вид на материјалот за размножување и садниот материјал.

## V. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНА КОНТРОЛА И ОФИЦИЈАЛНА СЕРТИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА МАТЕРИЈАЛОТ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДНИОТ МАТЕРИЈАЛ

Член 11

**Стручна контрола на производството и официјална сертификација на материјал за размножување и саден материјал**

(1) Стручна контрола на производството на материјалот за размножување и садниот материјал, се врши врз основа на пријава поднесена од снабдувачот согласно член 7 став (1) на овој правилник.

(2) Официјалниот орган за сертифицирање врши најмалку две стручни контроли на производството во текот на вегетацијата.

(3) Со стручните контроли од став (2) на овој член се утврдува сортна чистота и квалитетот на материјалот за размножување и садниот материјал врз основа на документацијата на снабдувачот за неговото потекло.

(4) Стручните контроли се вршат во присуство на одговорно стручно лице на снабдувачот.

(5) За секоја стручна контрола, официјалниот орган за сертифицирање составува записник за извршена стручна контрола на производство на материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија на образец со формат А4 во бела боја даден во Прилог 8 кој е составен дел на овој правилник. Записникот се изготвува во два примерока, од кои едниот се доставува до снабдувачот.

(6) Врз основа на записникот од став (5) на овој член, официјалниот орган за сертифицирање издава сертификат за извршена стручна контрола на производството на материјал за размножување и саден материјал на образец со формат А4 во бела боја даден во Прилог 9 кој е составен дел на овој правилник.

(7) По издавањето на сертификатот за извршената стручна контрола од став (6) на овој член и документот за здравствената состојба на материјалот за размножување и садниот материјал согласно Законот за здравјето на растенијата, снабдувачот поднесува барање за издавање на сертификат за конечно сертифициран материјал за размножување и саден материјал до Управата.

(8) Официјална сертификација на материјалот за размножување и садниот материјал врши од страна на Управата со издавање на сертификат за конечно сертифициран материјал за размножување и саден материјал од украсни растенија на образец со формат А4 во бела боја даден во Прилог 10, кој е составен дел на овој правилник.

## VI. УСЛОВИ ЗА УВОЗ НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 12

**Услови за увоз на видови на материјал за размножување и саден материјал**

Покрај исполнувањето на условите од член 26 и член 27 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, снабдувачот треба води и евиденција за увезените количества на материјал за размножување и саден материјал од член 8 став (3) на овој правилник , најдоцна 30 дена од денот на увозот.

Член 13

**Увоз на материјал за размножување и саден материјал во оригинално пакување за лична употреба**

Материјал за размножување и саден материјал во оригинално пакување за лична употреба може да се увезува согласно член 29 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и тоа најмногу во количество до 5 гр. семе од одделен видови но не повеќе од 100 семки, 30 парчиња луковици или други кртоли, три дрвја од украсни овошни растенија и пет парчиња украсни бусени.

Член 14

**Влегување во сила**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 18-9/2 | Министер за земјоделство, |
| 21 јануари 2014 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски,** с.р. |

---

([*1]) Законот за генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија" бр.35/08) е усогласен со Директивата 2001/18/ЕС на Советот на Европската Унија од 12 март 2001 година за намерно ослободување на генетски модифицирани организми во животната средина, CELEX број 32001L0015.

([*2]) Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр.29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11 и 69/13) е усогласен со Директивата 2000/29/ЕС на Советот на Европската Унија од 8 мај 2000 година за воведување на заштитни мерки против штетни организми на растенија или растителни производи и нивно ширење во Заедницата, CELEX број 32000L0029.

**Прилог 1**

## ВИДОВИ НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД УКРАСНИ РАСТЕНИЈА

1. ЦВЕТНИ РАСТЕНИЈА
1.1. СОБНИ ЦВЕТНИ РАСТЕНИЈА

- ЛИСНО ДЕКОРАТИВНИ СОБНИ РАСТЕНИЈА

| | |
|---|---|
| 1. *Agave americana L.* | *Fam. Agavaceae* |
| 2. *Cordyline sp. Comm.* | *Fam. Agavaceae* |
| 3. *Dracaena sp. L.* | *Fam. Agavaceae* |
| 4. *Sansevieria sp. Thunb.* | *Fam. Agavaceae* |
| 5. *Alocasia macrorhiza L.* | *Fam. Agavaceae* |
| 6. *Dieffenbachia picta Schott* | *Fam. Araceae* |
| 7. *Monstera deliciosa Liebm.* | *Fam. Araceae* |
| 8. *hilodendron sp. Schott.* | *Fam. Araceae* |
| 9. *Scindapsus sp. Schott.* | *Fam. Araceae* |
| 10. *Fatsia japonica Decne et Planch (Aralia)* | *Fam. Araliaceae* |
| 11. *Schefflera sp. J.R. et Forst* | *Fam. Araliaceae* |
| 12. *Araucaria heterophylla Salisb.* | *Fam. Araucariaceae* |
| 13. *Begonia sp. L.* | *Fam. Begoniaceae* |
| 14. *Tradescantia sp. L.* | *Fam. Commelinaceae* |
| 15. *Aucuba japonica Thunb.* | *Fam. Cornaceae* |
| 16. *Kaktusi - Vidovi od* | *Fam. Cactaceae* |
| 17. *Cycas revolute Thunb.* | *Fam. Cycadaceae* |
| 18. *Cyperus alternifolius L.* | *Fam. Cyperaceae* |
| 19. *Codiaeum sp. (Croton) Rumph* | *Fam. Euphorbiaceae* |
| 20. *Aloe arborescens Mill.* | *Fam. Liliaceae* |
| 21. *Asparagus sp. L.* | *Fam. Liliaceae* |
| 22. *Aspidistra elatior Bl.* | *Fam. Liliaceae* |
| 23. *Chlorophytum comosum Bask.* | *Fam. Liliaceae* |
| 24. *Maranta sp.* | *Fam.Marantaceae* |
| 25. *Ficus sp. L.* | *Fam. Moraceae* |
| 26. *Palmi - Vidovi od* | *Fam. Plamae* |
| 27. *Peperomia sp. Ruiz et Pav.* | *Fam. Piperaceae* |
| 28. *Paprati – vidovi od* | *Fam. Polypodiaceae* |
| 29. *Pilea cadieri* | *Fam. Urticaeae* |

- ЦВЕТНО ДЕКОРАТИВНИ СОБНИ РАСТЕНИЈА

| | |
|---|---|
| 1. *Clivia miniata Rgl.* | *Fam. Amaryllidaceae* |
| 2. *Hippeastrum (Amaryllis) Herb.* | *Fam. Amaryllidaceae* |
| 3. *Nerium oleander L* | *Fam. Apocynaceae* |
| 4. *Hoya carnosa R.Br.* | *Fam. Asclepiadaceae* |
| 5. *Cineraria (Senecio) hybrida hort.* | *Fam. Asteraceae* |
| 6. *Begonia hiemalis Fotsch. (B. Elatior hort.)* | *Fam. Begoniaceae* |
| 7. *Vidovi od* | *Fam. Bromeliaceae* |
| 8. *Kalanchoe sp. Adans.* | *Fam. Crassulariaceae* |
| 9. *Azalea (Rhododendron indicum L.) hybrids* | *Fam. Ericaceae* |
| 10. *Euphorbia pulcherrima Willd.ex Klotzsch.* | *Fam. Euphorbiaceae* |
| 11. *Sinningia speciosa Benth et Hook(Gloxinia hybrids)* | *Fam. Gesneriaceae* |
| 12. *Saintpaulia ionantha Wendl.* | *Fam. Gesneriaceae* |
| 13. *Vidovi od* | *Fam. Orchidaceae* |
| 14. *Passiflora sp. L* | *Fam. Passifloraceae* |
| 15. *Cyclamen persicum Mill. hybrids* | *Fam. Primulaceae* |
| 16. *Primula sp. L.* | *Fam. Primulacea* |
| 17. *Hydrangea macrophylla Thunb. (H. hortensis)* | *Fam. Saxifragaceae* |
| 18. *Calceolaria hybrida Hort.* | *Fam. Scrophulariaceae* |

- РЕЖЕН ЦВЕТ

| | |
|---|---|
| 1. *Alstroemeria L. hybrids* | *Fam. Amaryllidaceae* |
| 2. *Anthurium Schott.* | *Fam. Araceae* |
| 3. *Calla aethiopica (L.) Sreng.* | *Fam. Aceraceae* |
| 4. *Dendranthema x grandiflorum Kitam.* | *Fam. Asteraceae* |
| 5. *Gerbera jamesonii Bol.ex Adlam.* | *Fam. Asteraceae* |
| 6. *Dianthus caryophyllus semperflorens Sim.* | *Fam. Caryophyllaceae* |
| 7. *Eustoma grandiflorum Cass.* | *Fam. Gentianaceae* |
| 8. *Iris x hollandica hort.* | *Fam. Iridaceae* |
| 9. *Freesia sp. Klatt.* | *Fam. Iridaceae* |
| 10. *Lilium L. hybrids* | *Fam. Liliaceae* |
| 11. *Strelitzia reginae Banks.* | *Fam. Musaceae* |
| 12. .................. | *Fam. Orchidaceae* |
| 13. *Rosae sp. hybrids* | *Fam. Rosaceae* |

1.2. ЦВЕТНИ РАСТЕНИЈА ЗА ЦВЕТНИ ЛЕИ
- ЕДНОГОДИШНИ РАСТЕНИЈА - ЦВЕТНИ

| | |
|---|---|
| 1. *Amaranthus caudatus L.* | *Fam. Amaranthaceae* |
| 2. *Celosia argentea L.* | *Fam. Amaranthaceae* |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Ageratum mexicanum Sims. | Fam. Asteraceae |
| 4. | Aster chinensis L. | Fam. Asteraceae |
| 5. | Calendula officinalis L. | Fam. Asteraceae |
| 6. | Centaurea sp. L. | Fam. Asteraceae |
| 7. | Cosmos bipinnatus Cav. | Fam. Asteraceae |
| 8. | Tagetes sp. L. | Fam. Asteraceae |
| 9. | Zinnia elegans Jacq. | Fam. Asteraceae |
| 10. | Impatiens balsamina L. | Fam. Balsaminaceae |
| 11. | Begonia semperflorens Link et Otto. | Fam. Begoniaceae |
| 12. | Alyssum maritimum Lam. | Fam. Brassicaceae |
| 13. | Matthiola incana R.Br. | Fam. Brassicaceae |
| 14. | Lobelia erinus L. | Fam. Campanulaceae |
| 15. | Dianthus chinensis L. | Fam. Caryophyllaceae |
| 16. | Euphorbia marginata Purch. | Fam. Euphorbiaceae |
| 17. | Pelargonium sp. L'Herit | Fam. Geraniaceae |
| 18. | Tropaeolum sp. L. | Fam. Geraniacaea |
| 19. | Salvia splendens Ker-Gawl. | Fam. Lamiaceae |
| 20. | Mirabilis jalapa L. | Fam. Nyctaginaceae |
| 21. | Eschscholzia californica Cham. | Fam. Papaveraceae |
| 19. | Portulaca grandiflora Hook. | Fam. Portulacaceae |
| 20. | Antirrhinum majus L. | Fam. Scrophulariaceae |
| 21. | Petunia hybrida Hort. | Fam. Solanaceae |
| 22. | Verbena hybrida Hort. | Fam. Verbenaceae |

- ЕДНОГОДИШНИ РАСТЕНИЈА – ЛИСНО ДЕКОРАТИВНИ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Alternanthera sp. L. | Fam. Amaranthaceae |
| 2. | Iresine sp. L. | Fam. Amaranthaceae |
| 3. | Cineraria maritima L. | Fam. Asteraceae |
| 4. | Santolina sp. L. | Fam. Asteraceae |
| 5. | Coleus sp. Lour. | Fam. Lamiaceae |

- ЕДНОГОДИШНИ РАСТЕНИЈА – ЗА СУВО ЦВЕЌЕ

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Gomphrena sp. L. | Fam. Amaranthaceae |
| 2. | Helichrysum bracteatum Willd. | Fam. Asteraceae |
| 3. | Limonium sp. Mill. | Fam. Plumbaginaceae |

- ДВОГОДИШНИ ЦВЕТНИ РАСТЕНИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Bellis perennis L. | Fam. Asteraceae |
| 2. | Myosotis alpestris F.W.Schmidt | Fam. Borraginaceae |
| 3. | Cheiranthus cheiri L. | Fam. Brassicaceae |

| | |
|---|---|
| 4. *Campanula medium L.* | *Fam. Campanulaceae* |
| 5. *Dianthus barbatus L.* | *Fam. Caryophyllaceae* |
| 6. *Silene pendula L.* | *Fam. Caryophyllaceae* |
| 7. *Althea rosea L.* | *Fam. Malvaceae* |
| 8. *Delphinium ajacis L.* | *Fam. Ranunculaceae* |
| 9. *Digitalis purpurea L.* | *Fam. Scrophulariaceae* |
| 10. *Viola wittrockiana Gams.* *(syn. Viola tricolor hort. Non L.)* | *Fam. Violaceae* |

- ПОВЕЌЕГОДИШНИ ЦВЕЌИЊА – ПЕРЕНИ / ТРАЈНИЦИ

| | |
|---|---|
| 1. *Achillea sp. L.* | *Fam. Asteraceae* |
| 2. *Aster sp. L.* | *Fam. Asteraceae* |
| 3. *Chrysanthemum sp. L.* | *Fam. Asteraceae* |
| 4. *Coreopsis sp. L.* | *Fam. Asteraceae* |
| 5. *Erigeron sp. L.* | *Fam. Asteraceae* |
| 6. *Gaillardia grandiflora hort.* | *Fam. Asteraceae* |
| 7. *Helianthus sp. L.* | *Fam. Asteraceae* |
| 8. *Rudbeckia sp. L.* | *Fam. Asteraceae* |
| 9. *Santolina sp. L.* | *Fam. Asteraceae* |
| 10. *Solidago sp. L.* | *Fam. Asteraceae* |
| 11. *Arabis sp. L.* | *Fam. Brassicaceae* |
| 12. *Iberis sp. L.* | *Fam. Brassicaceae* |
| 13. *Campanula sp. L.* | *Fam. Campanulaceae* |
| 14. *Cerastium sp. L.* | *Fam. Caryophyllaceae* |
| 15. *Dianthus sp. L.* | *Fam. Caryophyllaceae* |
| 16. *Gypsophyla sp. L.* | *Fam. Caryophyllaceae* |
| 17. *Echeveria sp. D.C.* | *Fam. Crassulaceae* |
| 18. *Sedum sp. L.* | *Fam. Crassulaceae* |
| 19. *Sempervivum sp. L.* | *Fam. Crassulaceae* |
| 20. *Lupinus sp. L.* | *Fam. Fabaceae* |
| 21. *Dicentra sp. Bernh.* | *Fam. Fumariaceae* |
| 22. *Iris sp. L.* | *Fam. Iridaceae* |
| 23. *Ajuga sp. L.* | *Fam. Lamiaceae* |
| 24. *Lavandula sp. L.* | *Fam. Lamiaceae* |
| 25. *Stachys sp. L.* | *Fam. Lamiaceae* |
| 26. *Salvia officinalis L.* | *Fam. Lamiaceae* |
| 27. *Convallaria sp. L.* | *Fam. Liliaceae* |
| 28. *Eremurus sp. M.B.* | *Fam. Liliaceae* |
| 29. *Hemerocallis sp. L.* | *Fam. Liliaceae* |
| 30. *Hosta sp. Tratt.* | *Fam. Liliaceae* |
| 31. *Jucca sp.L.* | *Fam. Liliaceae* |

| | |
|---|---|
| 32. *Kniphofia sp. Moench.* | *Fam. Liliaceae* |
| 33. *Oenothera sp. L.* | *Fam. Oenotheraceae* |
| 34. *Armeria sp. Willd.* | *Fam. Plumbaginaceae* |
| 35. *Phlox sp. L.* | *Fam. Polemoniaceae* |
| 36. *Primula sp. L.* | *Fam. Primulaceae* |
| 37. *Anemone sp. L.* | *Fam. Ranunculaceae* |
| 38. *Aquilegia sp.L.* | *Fam. Ranunculaceae* |
| 39. *Delphinium sp. L.* | *Fam. Ranunculaceae* |
| 40. *Helleborus sp. L.* | *Fam. Ranunculaceae* |
| 41. *Paeonia sp. L.* | *Fam. Ranunculaceae* |
| 42. *Astilbe sp. Buch. Ham.* | *Fam. Saxifragaceae* |
| 43. *Bergenia sp. Unch.* | *Fam. Saxifragaceae* |
| 44. *Heuchera sp. L.* | *Fam. Saxifragaceae* |
| 45. *Hydrangea sp. L.* | *Fam. Saxifragaceae* |
| 46. *Veronica sp. L.* | *Fam. Scrophulariaceae* |
| 47. *Viola odorata L.* | *Fam. Violaceae* |

- ЛУКОВИЦИ И КРТОЛИ

| | |
|---|---|
| 1. *Galanthus nivalis L.* | *Fam. Amaryllidaceae* |
| 2. *Hypeastrum sp. L.* | *Fam. Amaryllidaceae* |
| 3. *Narcissus sp. L.* | *Fam. Amaryllidaceae* |
| 4. *Dahlia sp. L.* | *Fam. Asteraceae* |
| 5. *Canna sp. L.* | *Fam. Cannaceae* |
| 6. *Crocus sp. L.* | *Fam. Iridaceae* |
| 7. *Freesia sp. Klatt.* | *Fam. Iridaceae* |
| 8. *Gladiolus hybridum Hort.* | *Fam. Iridaceae.* |
| 9. *Iris sp. L.* | *Fam. Iridaceae* |
| 10. *Colchicum sp. L.* | *Fam. Liliaceae* |
| 11. *Fritillaria imperialis L.* | *Fam. Liliaceae* |
| 12. *Hyacinthus sp. L.* | *Fam. Liliaceae* |
| 13. *Lilium sp. L.* | *Fam. Liliaceae* |
| 14. *Tulipa sp. L.* | *Fam. Liliacea* |

2. ДРВЈА ОД УКРАСНИ ОВОШНИ РАСТЕНИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 1 | *Aronia melanocarpa L.* | *аронија* |
| 2 | *Castanea sativa Mill.* | *костен* |
| 3 | *Citrus L.* | *цитруси* |
| 4 | *Corylus avellana L.* | *лешник* |
| 5 | *Cydonia oblonga Mill.* | *дуња* |
| 6 | *Diospyrus kaki L. F. Trumb* | *јапонско јаболко* |
| 7 | *Ficus carica L.* | *смоква* |
| 8 | *Fortunella Swingle* | *вид цитрус* |
| 9 | *Fragaria L.* | *јагода* |
| 10 | *Juglans regia L.* | *орев* |
| 11 | *Malus Mill.* | *јаболко* |
| 12 | *Mespilus germanica L.* | *мушмула* |
| 13 | *Olea europaea L.* | *маслинка* |
| 14 | *Pistacia vera L.* | *фисташка* |
| 15 | *Poncirus (L.) Raf.* | *трилистен лимон* |
| 16 | *Prunus amygdalus Batsch.* | *бадем* |
| 17 | *Prunus armeniaca L.* | *кајсија* |
| 18 | *Prunus avium L.* | *цреша* |
| 19 | *Prunus cerasus L.* | *вишна* |
| 20 | *Prunus domestica L.* | *слива* |
| 21 | *Prunus persica (L.) Batsch.* | *праска, нектарина* |
| 22 | *Prunus salicina Lind.* | *јапонска слива* |
| 23 | *Punica granatum L.* | *калинка* |
| 24 | *Pyrus L.* | *круша* |
| 25 | *Ribes L.* | *рибизла,огрозд* |
| 26 | *Rosa sp. L.* | *шипка* |
| 27 | *Rubus L.* | *капина, малина* |
| 28 | *Vaccinium L.* | *боровинка* |
| 29 | *Zyziphus jujuba Mill* | *кинеска урма* |
| 30 | *Actinidia chinensis L.* | *актинидија* |

## 3. УКРАСНИ ТРЕВИ

### 3.1. Тревни теписи

| | |
|---|---|
| 1. *Lolium perenne L.* | *fam. Poaceae* |
| 2. *Lolium italicum L.* | *fam. Poaceae* |
| 3. *Avena elatior L.(Arrhenatherum elatius L.Presl.Mert et Kock.)* | *fam. Poaceae* |
| 4. *Dactylis glomerata L.* | *fam. Poaceae* |
| 5. *Phleum pretense L.* | *fam. Poaceae* |
| 6. *Alopecurus pratensis L.* | *fam. Poaceae* |
| 7. *Festuca pratensis Huds.* | *fam. Poaceae* |
| 8. *Festuca arundinacea Schreb* | *fam. Poaceae* |
| 9. *Festuca rubra L.* | *fam. Poaceae* |
| 10. *Festuca ovina L.* | *fam. Poaceae* |
| 11. *Festuca spadicea L.Syn., Festuca paniculata Schinz et Thell.* | *fam. Poaceae* |
| 12. *Bromus inermis Leyss.* | *fam. Poaceae* |
| 13. *Poa pratensis L.* | *fam. Poaceae* |
| 14. *Poa trivialis L.* | *fam. Poaceae* |
| 15. *P. nemoralis* | *fam. Poaceae* |
| 16. *Agrostis alba L.* | *fam. Poaceae* |
| 17. *Agrostis vulgaris L.* | *fam. Poaceae* |
| 18. *Agrostis tenuis* | *fam. Poaceae* |
| 19. *Cynosurus cristatus L.* | *fam. Poaceae* |
| 20. *Trisetum flavescens L.* | *fam. Poaceae* |
| 21. *Agropyron cristatum (L.) Gaerth.* | *fam. Poaceae* |
| 22. *Pennisetum alopecuroides* | *fam. Poaceae* |
| 23. *Cortaderia spp.* | *fam. Poaceae* |
| 24. *Eragrostis capillaris* | *fam. Poaceae* |
| 25. *Juncus sp.* | *fam. Juncaceae* |
| 26. *Carex sp.* | *fam. Cyperaceae* |
| 27. *Trifolium repens L.* | *fam. Fabaceae* |
| 28. *Trifolium pretense L.* | *fam. Fabaceae* |
| 29. *Trifolium patens Schreb.* | *fam. Fabaceae* |
| 30. *Lotus corniculatus L.* | *fam. Fabaceae* |
| 31. *Melilotus ssp. Tourn.* | *fam. Fabaceae* |
| 32. *Ranunculus L.* | *fam. Ranunculaceae* |
| 33. *Pteridium aquilinum (L.) Kuhn.* | *fam. Polypodiaceae* |
| 34. *Dichondra repenss* | *fam. Convolvulaceae* |
| 35. *Saggina subulata* | *fam. Caryophyllaceae* |

### 3.2. Орнаментални (украсни) треви

| | |
|---|---|
| 1. *Avena sempervirens* | *fam. Poaceae* |
| 2. *Arunda donax* | *fam. Poaceae* |
| 3. *Calamagrostis x acutiflora* | *fam. Poaceae* |
| 4. *Cortaderia selloana* | *fam. Poaceae* |
| 5. *Deschampsia cespitosa* | *fam. Poaceae* |
| 6. *Imperata cylindrica* | *fam. Poaceae* |
| 7. *Miscanthus sinensis* | *fam. Poaceae* |
| 8. *Penisteum alupecuroides* | *fam. Poaceae* |
| 9. *P. setaceum* | *fam. Poaceae* |
| 10. *Phalaris arundinaceae* | *fam. Poaceae* |
| 11. *Sasa pumila* | *fam. Poaceae* |

**Прилог 2**

**До**
**- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за семе и саден материјал**

**- Официјален орган за сертифицирање**

**Снабдувач** ____________________
**Адреса/тел./факс/e-mail** ____________________
**Регистарски број (РБС)** ____________________
**Место на производство** ____________________

## ПРИЈАВА
## ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД УКРАСНИ РАСТЕНИЈА

| Ред. број | Тип на материјал за размножување и саден материјал* | Вид на материјал за размножување и саден материјал | Сорта | Подлога | Место на производство на парцела | Количина (број) | Потекло на материјалот за размножување и саден материјал употребен за производство | Документ за материјал за размножување и саден материјал (сертификат, декларација, број, датум) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

* Семе/хибрид и семенска мешавина
Цели растенија
Делови од растенија
Садни подлоги
Питомки
Розети
Бусени

* Луковици
Кртоли
Кртолести луковици
Кртолести корења
Ризоми
Меристемско ткиво

**Датум:**____________

**Снабдувач**

____________________
(име и презиме)

**Прилог 3**

Снабдувач ____________________
Адреса/тел./факс/e-mail ____________________
Регистарски број (РБС) ____________________
Место на производство ____________________

**ЕВИДЕНЦИЈА**
**ЗА НАБАВЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД УКРАСНИ РАСТЕНИЈА ОД ДОМАШНО ПОТЕКЛО И ОД УВОЗ во ________ година**

| Ред. број | Тип на материјал за размножување и саден материјал * | Вид на материјал за размножување и саден материјал | Сорта | Подлога | Држава на производство /Држава извозничка | Количина (број) | | Број на сертификат за конечно сертифициран материјал за размножување и саден материјал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | домашно потекло | увоз | домашно потекло | увоз |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

* Семе/хибрид и семенска мешавина
Цели растенија
Делови од растенија
Садни подлоги
Питомки
Розети
Бусени

* Луковици
Кртоли
Кртолести луковици
Кртолести корења
Ризоми
Меристемско ткиво

Датум:____________

Снабдувач
____________________
(име и презиме)

**Прилог 4**

Снабдувач ____________________
Адреса/тел./факс/e-mail ____________________
Регистарски број (РБС) ____________________
Место на производство ____________________

## ЕВИДЕНЦИЈА
## ЗА УПОТРЕБЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД УКРАСНИ РАСТЕНИЈА
## во ________ година

| Ред. број | Тип на материјал за размножување и саден материјал * | Вид на материјал за размножување и саден материјал | Сорта | Подлога | Место на производна парцела | | Количина (број) на употребен материјал за размножување и саден материјал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | сопствено производство | набавен | сопствено производство | набавен |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

* Семе/хибрид и семенска мешавина
Цели растенија
Делови од растенија
Садни подлоги
Питомки
Розети
Бусени

* Луковици
Кртоли
Кртолести луковици
Кртолести корења
Ризоми
Меристемско ткиво

Датум:____________

Снабдувач

______________________
(име и презиме)

**Прилог 5**

Снабдувач ______________________________

Адреса/тел./факс/e-mail ______________________________

Регистарски број (РБС) ______________________________

Место на производство ______________________________

## ЕВИДЕНЦИЈА
## ЗА ПРОИЗВЕДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД УКРАСНИ РАСТЕНИЈА
## во _________ година

| Ред. број | Тип на материјал за размножување и саден материјал* | Вид на материјал за размножување и саден материјал | Сорта | Подлога | Место на производна парцела | Број на сертификат за конечно сертифициран материјал за размножување и саден материјал | Количина на произведен материјал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

* Семе/хибрид и семенска мешавина
Цели растенија
Делови од растенија
Садни подлоги
Питомки
Розети
Бусени

* Луковици
Кртоли
Кртолести луковици
Кртолести корења
Ризоми
Меристемско ткиво

Датум: __________________

Снабдувач

______________________

(име и презиме)

Прилог 6

Снабдувач ______________________
Адреса/тел./факс/e-mail ______________________
Регистарски број (РБС) ______________________
Место на производство ______________________

## ЕВИДЕНЦИЈА
## ЗА ПРОДАДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД УКРАСНИ РАСТЕНИЈА
## во ________ година

| Ред. број | Тип на материјал за размножување и саден материјал* | Вид на материјал за размножување и саден материјал | Сорта | Подлога | Потекло на материјал за размножување и саден материјал | Број на сертификат за конечно сертифициран материјал за размножување и саден материјал | Количина на продаден материјал за размножување и саден материјал | Количина на непродаден материјал за размножување и саден материјал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

* Семе/хибрид и семенска мешавина
Цели растенија
Делови од растенија
Садни подлоги
Питомки
Розети
Бусен

* Луковици
Кртоли
Кртолести луковици
Кртолести корења
Ризоми
Меристемско ткиво

Датум: ________________

Снабдувач
______________________
(име и презиме)

**Прилог 7**

Снабдувач ______________________________

Адреса/тел./факс/е-mail ______________________________

Регистарски број (РБС) ______________________________

Место на производство ______________________________

## ЕВИДЕНЦИЈА
## ЗА ИЗВЕЗЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД УКРАСНИ РАСТЕНИЈА
## во ________ година

| Ред. број | Тип на материјал за размножување и саден материјал* | Вид на материјал за размножување и саден материјал | Сорта | Подлога | Место на производство | Број на партија | Број на конечен сертификат | Количина на извезен материјал |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

* Семе/хибрид и семенска мешавина
Цели растенија
Делови од растенија
Садни подлоги
Питомки
Розети
Бусени

* Луковици
Кртоли
Кртолести луковици
Кртолести корења
Ризоми
Меристемско ткиво

Датум: ____________________

Снабдувач

______________________

(име и презиме)

**Прилог 8**

**Официјален орган за сертифицирање**

**ЗАПИСНИК бр. ________**

**ЗА ИЗВРШЕНА СТРУЧНА КОНТРОЛА НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД УКРАСНИ РАСТЕНИЈА**
**за ________ година**

Снабдувач ________________________________________________
Адреса/тел./факс/e-mail ________________________________________
Регистарски број (РБС) ________________________________________
Место на производство ________________________________________

| Ред. број | Тип на материјал за размножување | Вид на материјал за размножување | Сорта | Подлога | Место на производство | Количина (број) | Потекло на материјалот за размножување употребен за производство (сертификат, декларација, број, датум) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Состојба и општ изглед на материјалот за размножување и садниот материјал
____________________________________________________________
____________________________________________________________

Забелешка____________________________________________________
____________________________________________________________

**Датум:** __________________

**Снабдувачот,**
________________________
(име и презиме)

**Овластено стручно лице,**
________________________
(име и презиме)

**Прилог 9**

**Официјален орган за сертифицирање**

**СЕРТИФИКАТ бр. ________**

**ЗА ИЗВРШЕНА СТРУЧНА КОНТРОЛА НА ПРОИЗВОДСТВО НА МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД УКРАСНИ РАСТЕНИЈА**
**за ________ година**

Снабдувач________________________________________
Адреса/тел./факс/e-mail________________________________________
Регистарски број (РБС) ________________________________________
Место на производство ________________________________________

| Ред. број | Тип на материјал за размножување* | Вид на материјал за размножување | Сорта | Подлога | Количина (број) | Место на производство |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Забелешка________________________________________
________________________________________

* Семе/хибрид и семенска мешавина
Цели растенија
Делови од растенија
Садни подлоги
Питомки
Розет
Бусени

* Луковици
Кртоли
Кртолести луковици
Ризоми
Меристемско ткиво

**Датум на издавање,**
________________

**Одговорно стручно лице,**
________________
(име и презиме)

**Прилог 10**

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**- Управа за семе и саден материјал -**

**СЕРТИФИКАТ бр. ________**

**ЗА КОНЕЧНО СЕРТИФИЦИРАН МАТЕРИЈАЛ ЗА РАЗМНОЖУВАЊЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД УКРАСНИ РАСТЕНИЈА за ________ година**

Снабдувач______________________________________________
Адреса/тел./факс/e-mail__________________________________
Регистарски број (РБС) __________________________________
Место на производство __________________________________
Држава на производство _________________________________

| Ред. број | Тип на материјал за размножување и саден материјал | Вид на материјал за размножување и саден материјал | Сорта | Подлога | Број и датум на сертификат за | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Стручна контрола за материјал за размножување | Здравствена контрола за материјал за размножување |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Забелешка______________________________________________
_______________________________________________________

**Датум на издавање,** **Директор** **Одговорно стручно лице,**

_________________ _________________ _________________
(име и презиме)

**886.**

Врз основа на член 38 став 7 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13 и 164/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРАВОТО НА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ НАУЧНИ И ДРЖАВНО ОБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ И СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ДОЛГОГОДИШЕН НАСАД, ОРАНЖЕРИИ ИЛИ ОБЈЕКТИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на барањето за правото на закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за потребите на јавните научни и државно образовни институции од областа на земјоделството, за потребите на казнено - поправните и воспитно - поправните установи и сопствениците на долгогодишен насад, оранжерии или објекти и потребната документација.

Член 2

Барањето за правото на закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за потребите на јавните научни и државно образовни институции од областа на земјоделството, за потребите на казнено - поправните и воспитно - поправните установи и сопствениците на долгогодишен насад, оранжерии или објекти ги содржи следните податоци:

1. Назив на органот до кој се поднесува барањето;
2. Назив на образецот;
3. Податоци за подносителот на барањето:
- назив на правното лице/физичкото лице;
- седиште/адреса; и
- ЕМБС/ЕМБГ.
4. Податоци за земјиштето за кое се бара правото на закуп:
- катастарска општина;
- катастарска парцела;
- место викано;
- катастарска култура;
- катастарска класа;
- површина (метри квадратни) и
- број на имотен/поседовен лист.
5. Датум и место на поднесување на барањето; и
6. Потпис/печат на барателот.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Јавните научни и државно образовни институции од областа на земјоделството кон барањето од член 2 на овој правилник ја доставуваат следната документација:

- тековна состојба на правното лице издадено од Централниот регистар на Република Македонија не постара од еден месец;
- геодетски елаборат за земјиштето за кое се бара право на закуп и
- програма за научно – образовни активности во областа на земјоделството, која особено треба да содржи податоци за начинот на користење на земјоделското земјиште, типот на проектите за кои ќе се користи земјоделското земјиште, податок за korиста од спроведување на овие проекти, план за бројот на учесници или студенти кои ќе поминат низ системот на образование преку користењето на земјоделското земјиште и за начинот на кој проектите кои ќе се спроведуваат на доделеното земјоделско земјиште ќе допринесат за подобрување на условите во земјоделството.

Потребната документација од став 1 на овој член се доставува во оригинал или во фотокопија заверена од нотар.

Член 4

Казнено - поправните и воспитно - поправните установи кон барањето од член 2 на овој правилник ја доставуваат следната документација:

- тековна состојба на правното лице издадена од Централниот регистар на Република Македонија не постара од еден месец;
- геодетски елаборат за земјиштето за кое се бара право на закуп и
- програма за начинот на користење на земјоделското земјиште во државна сопственост за кое се бара право на закуп.

Потребната документација од став 1 на овој член се доставува во оригинал или во фотокопија заверена од нотар.

Член 5

Сопствениците на долгогодишниот насад, оранжерии или објекти кон барањето од член 2 на овој правилник ја доставуваат следната документација:

а) За правни лица:
- тековна состојба на правното лице издадена од Централниот регистар на Република Македонија не постара од еден месец;
- основ за стекнување со право на сопственост на долгогодишниот насад, оранжерии или објекти; и
- геодетски елаборат за земјиштето за кое се бара право на закуп.

б) За физички лица:
- копија од важечка лична карта или патна исправа на барателот;
- основ за стекнување со право на сопственост на долгогодишен насад, оранжерии или објекти; и
- геодетски елаборат за земјиштето за кое се бара право на закуп.

Потребната документација од став 1 на овој член се доставува во оригинал или во фотокопија заверена од нотар.

Член 6

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за правото на закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост од јавните научни и државно образовни институции од областа на земјоделството и потребната документација ("Службен весник на Република Македонија" бр.94/11 и 26/13).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 22-15947
27 јануари 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**Прилог**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
Сектор за регистрирање и управување
со земјоделско земјиште

**БАРАЊЕ**
**за правото на закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост**

1.Податоци за подносителот на барањето:

Назив на правното лице/физичкото лице______________________________________
Седиште/адреса__________________________________________________________
ЕМБС/ЕМБГ_____________________________________________________________

2. Податоци за земјоделското земјиште во државна сопственост за кое се бара правото на закуп и тоа за:
КПбр.________, место викано_________, катастарска култура___________, катастарска класа__________, површина__________ (метри квадратни), евидентиран на имотен/поседовен лист бр.______ во КО __________.

БАРАТЕЛ,

_________________

(потпис/печат)

_________________
Датум и место

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**887.**

Врз основа на член 113 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013 и 188/2013), постапувајќи по Барање број 08-УП1-148 од 25.12.2013 година Комисијата за хартии од вредност на Република Македонијана седницата одржана на ден 24.1.2014 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДАВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се дава дозвола за работење на брокер на Даниела Трајковска од Скопје.

2. Дозволата за работење на брокер на Даниела Трајковска се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Даниела Трајковска престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-УП1-148 | Комисија за хартии од вредност |
| 24 јануари 2014 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р. |

---

Врз основа на член 194 став 1 и 5, член 197 став 1 алинеа б) и алинеа в) и член 205 и член 206 став 1 алинеа г) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ" број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 24.1.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**888.**

1. Се утврдува неправилност во работењето на брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје, поради:

- непочитување на член 100 од Законот за хартии од вредност и член 6 и член 7 од Правилникот за утврдување на категориите на сопствени средства и начинот на пресметување на износот и структурата на влоговите при основање и средствата од активата на овластеното правно лице со кои треба да располага и во континуитет („Сл. весник на РМ" бр. 150/2010 и бр. 35/2011), односно поради неодржување на основната главнина почнувајќи од месец февруари 2013 година до денот на вршење на контролата односно до 24.9.2013 година.

- непочитување на член 38 став 8 од Законот за хартии од вредност и точка 6.4 од Правилата за работа на депозитарот, односно поради извршен увид во сметките на хартии од вредност на повеќе лица, без претходно да поседува уредно потпишано полномошно за увид и резервација од страна на имателот на сметката.

- Непочитување на член 79 став 7 и член 119 од Законот за хартии од вредност и член 11 и член 12 од Правилата за тргување на Македонската берза АД Скопје, односно поради тоа што брокерската куќа не поседува валидна инструкција од клиент за купување/продавање на хартии од вредност.

2. Се изрекува привремена забрана на брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје за вршење на сите услуги со хартии од вредност за кои има добиено дозвола од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, во времетраење од 15 (петнаесет) работни дена, сметано од исклучувањето од членство на брокерската куќа од Македонската берза АД Скопје и Централниот депозитар АД Скопје.

3. Се задолжуваат Македонската берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје по приемот на ова Решение, привремено да ја исклучат од членство брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје додека трае забраната согласно точка 2 од изреката на ова решение.

4. Се задолжува брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје во рок од 15 (петнаесет) работни дена од денот на приемот на ова решение да ги отстрани утврдените неправилности од точка 1 алинеа 1 од изреката на ова решение и до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија да достави извештај во кој ќе ги опише преземените мерки за отстранување на утврдените неправилности и незаконитости. Кон извештајот брокерската куќа задолжително да приложи документи и докази од кои се гледа дека утврдените недостатоци се отстранети.

5. Се задолжува брокерската куќа Илирика Инвестментс АД Скопје согласно Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија да уплати надомест во висина од 1.000 денари на сметка на Комисијата поради констатираните неправилности во работењето на брокерската куќа.

6. Жалбата не го одлага извршувањето на Решението.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на РМ".

| | |
|---|---|
| Бр. УП1 08-3 (врска 1627/2013) | Комисија за хартии од вредност |
| 24 јануари 2014 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р. |

---

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**889.**

Врз основа на член 68 став (3) точка б) и 99 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 ,13/2013 и 164/2013) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 20.1.2014 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ**

Член 1

Во Правилникот за надоместоци за задолжителните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр.100/2013) во член 6 ставот (2) се менува и гласи:

„Чуварот на имот, секој прв работен ден во месецот, врши пресметка на надоместокот за управување со средства на пензискиот фонд кој е достасан и кој треба да го пренесе на сметката на друштвото.“

Во ставот (3) точка б) зборовите: „износот даден од Агенцијата“ се заменуваат со зборовите: „пресметката направена од чуварот на имот“.

Ставот (4) се менува и гласи:

“Чуварот на имот ги известува друштвото и Агенцијата за износот на надоместокот доколку износот на фактурата не е еднаков со износот од информацијата од Агенцијата и направената пресметка од чуварот на имот. Доколку е потребна корекција на износот на фактурата, друштвото веднаш доставува нова фактура, по што чуварот постапува согласно ставовите (1) и (3) од овој член.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-13/6
28 јануари 2014 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши** с.р.

---

**890.**

Врз основа на член 112-а став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013 и 164/2013) и член 140 став (4) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр.7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 20.1.2014 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА СОДРЖИНАТА НА ИНВЕСТИЦИОНА СТРАТЕГИЈА НА ПЕНЗИСКИ ФОНД**

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува содржината на инвестиционата стратегија на задолжителен пензиски фонд и на инвестиционата стратегија на доброволен пензиски фонд со кој управува друштво за управување со задолжителни пензиски фондови, друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови или друштво за управување со доброволни пензиски фондови (во понатамошниот текст: пензиско друштво).

Член 2

(1) Инвестиционата стратегија е документ на пензиското друштво за инвестирање на средствата во различни видови финансиски инструменти со цел обезбедување највисок принос на пензискиот фонд со кој управува земајќи ги во предвид целите, толеранцијата на ризикот, инвестицискиот хоризонт во интерес на членовите и на пензионираните членови на пензискиот фонд.

(2) Инвестиционата стратегијата е долгорочен документ кој се однесува на период од најмалку седум години и треба да се ревидира најмалку еднаш на секои три години или секогаш кога постојат докази дека претпоставките на кои се заснова инвестиционата стратегија се промениле.

(3) Инвестиционата стратегија треба да е напишана на јасен и едноставен начин.

Член 3

(1) Појдовни елементи за подготвување на инвестиционата стратегија се:

а) услови и ограничувања пропишани со закон и подзаконските акти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) поврзани со инвестирањето на средствата на пензиските фондови:

б) ограничувањата наведени во статутот на пензискиот фонд;

в) избор на пристапот при инвестирање односно фреквентност на тргување;

г) инвестициски цели и прифатливо ниво на ризик и

д) возраст на членовите и очекувано траење на членувањето во пензиски фонд.

(2) При изготвување на инвестиционата стратегијата пензиското друштво треба да ја има во предвид фидуцијарната должност на секој вработен или член на одбор на пензиското друштво, односно обврската да работат единствено во корист на интересите на членовите и на пензионираните членови на пензискиот фонд и да применуваат степен на грижа, делотворност и вештини кои би ги применувал разумен човек при инвестирање на сопствените средства.

Член 4

Инвестиционата стратегија треба да содржи:

а) генерална рамка на процедурите за управување со средствата на пензискиот фонд;

б) инвестициски цели на пензискиот фонд;

в) стратегиска распределба на средствата на пензискиот фонд;

г) инвестициски ризици и процеси за управување со ризиците и

д) следење, контрола и оценување на примената на инвестиционата стратегија.

Член 5

Генералната рамка на процедурите за управување со средствата на пензискиот фонд опфаќа:

а) структура на инвестициски одговорности и процесот на донесување на инвестициски одлуки;

б) методологија, динамика и периоди на пресметка, оценка, известување и објавување на инвестициските резултати и

в) фактори земени во предвид при процесот на подготвување на инвестиционата стратегија вклучувајќи анализа на минати резултати, анализа на финансиски пазари и инструменти и јасни и оправдани претпоставки на кои се заснова стратегијата.

Член 6

(1) Во описот на инвестициските цели на пензискиот фонд треба да биде вклучен планираниот номинален и реален принос на пензискиот фонд за временски период кој соодветствува на временскиот период во кој еден член со просечна возраст ќе членува во пензискиот фонд, имајќи го предвид нивото на трошоци за живот, во согласност со одредбите од членот 104 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и членот 130 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

(2) Пензиското друштво треба да постави јасни и мерливи инвестициски цели преку јасно дефиниран репер (benchmark). Реперот треба да биде избран врз основа на детални анализи и да биде конзистентен со претпоставките за дефинирање на инвестициските цели.

(3) Пензиското друштво треба да опише на кој начин ќе се постигне планираниот принос.

Член 7

Стратегиската распределба на средствата на пензискиот фонд опфаќа:

а) долгорочна алокација на средствата по класи на финансиски инструменти во кои се планира да се вложуваат средствата на пензискиот фонд;

б) ограничување по видови инструменти и граници на отстапување од ограничувањето и

в) критериуми за избор на инструментите во портфолиото.

Член 8

Инвестициските ризици и процесите за управување со ризици опфаќаат:

а) идентификација на видовите на инвестициските ризици;

б) методи на мерење и управување на секој инвестициски ризик:

- општ пристап на мерење на инвестициските ризици;
- мерење на ризикот на портфолиото по класи на инструменти и ризици од поединечните финансиски инструменти и
- активности за ублажување на изложеноста на секој инвестициски ризик.

в) степенот на толеранција на ризици и ризичниот профил на пензискиот фонд и

г) методи, правила и процедури за оценка, надгледување и контрола на инвестициските ризици, вклучувајќи:

- приодот кон диверзификација во стратегијата за управување со ризици;
- стратегија за заштита од инфлацијата и
- постапување во случај на непредвидени околности.

Член 9

Следење, контрола и оценување на примената на инвестиционата стратегија опфаќа:

а) начин, динамика и периоди на ревизија на инвестиционата стратегија;

б) услови, динамика и периоди на усогласување на инвестициските активности со содржината на инвестиционата стратегија;

в) атрибуциона анализа (анализа на принос) на портфолиото по класи на инструменти и

г) поставување и следење на компаративни репери на портфолиото по класи на инструменти.

Член 10

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината на документот за инвестициона стратегија на задолжителен и доброволен пензиски фонд ("Службен весник на Република Македонија" број 69/2009).

Член 11

Овој правилник се објавува во „Службен весник на Република Македонија" по неговото донесување, а влегува во сила на 01.06.2014 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-13/7 | Претседател |
| 28 јануари 2014 година | на Советот на експерти, |
| Скопје | д-р **Булент Дервиши** с.р. |

## СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**891.**

Советот на Јавните обвинители на Република Македонија, согласно чл. 19 ст. 1 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник РМ" бр.150/07 ) на одржаната четириесет и осма седница на ден 29.1.2014 година донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ЗА ВРЕМЕНО УПАТУВАЊЕ ВО ДРУГО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НАЈМНОГУ ДО 6 (ШЕСТ) МЕСЕЦИ

I

Лидија Раичевиќ Вучкова јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, ВРЕМЕНО СЕ УПАТУВА, да ја врши должноста јавен обвинител, за време најмногу до 6 (шест) месеци во Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, поради вонредно зголемениот обем на работата во Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, почнувајќи од 01.02.2014 до 01.07.2014 година.

II

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување на 1.2.2014 година.

| | |
|---|---|
| | Совет на јавните обвинители |
| А. Бр. 39/14-5 | на Република Македонија, |
| 29 јануари 2014 година | Претседател, |
| Скопје | **Костадин Кизов,** с.р. |

**892.**

Врз основа на член. 40 ст.2 од Законот за јавното обвинителство (Службен весник на РМ бр.150/07), член 9, член. 38 став1 и член 39 став 1 и став 2 од Законот за Советот на јавните обнвинители на Република Македонија, (Службен весник на РМ бр.150/07), Советот на јавните обвинители на Република Македонија, на четириесет и осма седница одржана на 29.01.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ОХРИД, ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ПРИЛЕП, ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ШТИП**

I

За јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија се избира:

1. Башким Бесими.

II

За Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Охрид се избира:

1. Зоран Митрески.

III

За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Прилеп се избира:

1. Лидија Салатоска Илиоска.

IV

За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Штип се избира:

1. Билјана Тошева Анакиева.

V

Оваа одлука влегува во сила на ден 01.02.2014 година, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

СОИ Бр. 1/14
29 јануари 2014 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Македонија,
Претседател,
**Костадин Кизов,** с.р.

---

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**893.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22 став 1 точка 16, член 39 став 1 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13 и 164/13) и член 31 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11 и 78/13), постапувајќи на барањето на Друштвото за трговија, проектирање, градежништво и услуги ГЕРМА СОЛАР експорт-импорт ДОО Скопје, на седницата одржана на 29.01.2014 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за трговија, проектирање, градежништво и услуги ГЕРМА СОЛАР експорт-импорт ДОО Скопје, му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотоволтаича електрана „Герма Солар“.

2. Носителот на лиценцата од ставот 1 на оваа одлука ќе ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија преку фотоволтаична централа лоцирана на КП бр. 2715/1 согласно имотен лист бр. 95009 во КО Кичево, општина Кичево.

3. Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија согласно член 39 став 2 и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11 и 78/13), ќе донесе одлука за влегување во сила на оваа лиценца, откако инвеститорот од ставот 1 на овој член, во рок определен во Одобрението за градење, ќе достави извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер со кој овој енергетски објект се става во употреба.

4. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага извршувањето на истата.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07-205/13
29 јануари 2014 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**Прилог 1**

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Друштвото за трговија, проектирање, градежништво и услуги ГЕРМА СОЛАР експорт-импорт ДОО Скопје седиште ул. 507 бр.12 Скопје.

**2. Енергетска дејност за која се издава лиценцата**

Производство на електрична енергија

**3. Евидентен број на издадената лиценца**

ЕЕ - 153.01.1/14

**4. Број на деловниот субјект** – 6762581

**5. Единствен даночен број** – 4012012507464

**6. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши со фотоволтаична централа лоцирана на кров на СОУ „Мирко Милевски“ во Кичево, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

**7. Локација на вршење на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе го врши од фотоволтаична централа „Герма Солар“ на кров на СОУ „Мирко Милевски“ во Кичево , со моќности од 48,02 kW, изградени на КП бр. 2715/1 согласно имотен лист бр.95009, КО Кичево, општина Кичево.

**8. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши со производен капацитет чии технички податоци се составен дел од оваа лиценца.

**9. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

**10. Права и обврски за носителот на лиценца**

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштвото за трговија, проектирање, градежништво и услуги ГЕРМА СОЛАР експорт-импорт ДОО Скопје, седиште на ул. 507 бр.12 Скопје, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;
- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и
- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

**11. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**12. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;
- за заштита при работа;
- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година.

**13. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;
- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

**14. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**15. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреденувид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**16. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**17. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци ` за вршење на енергетски дејности.

**Прилог 2**

**1. Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:**

1. име на фотоволтаичен систем – „Герма Солар“ електроцентрала од 48,02 kW;

2. локација на фотоволтаичниот систем на преносната/дистрибутивната мрежа - во Кичево согласно решението за согласност за приклучување издадено од ЕВН Македонија АД Скопје;

3. општи податоци:

- година на почеток на градба – 2013 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем – 30 години;

4. податоци за опрема:

- број на фотоволтаични модули – 196
- тип, производител и номинални податоци на фотоволтаичниот модул поликристални – IBC Monosolar 245 ET, со номинална моќност 245W;

5. тип, производител и номинални податоци на инвертор – Sunny Boy Германија;

6. годишно сончево зрачење на таа локација –1.380 кWh/m2;

7. очекувано производство на електрична енергија – 44.925 kWh – годишно.

---

**894.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 16 и член 39 став 1 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/11, 136/11, 79/13 и 164/13), како и член 31 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“ бр. 143/11, 78/13), постапувајќи по барањето на Друштвото за производство и трговија на електрична енергија НИНЕ СОЛАР ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица, до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, за издавање на лиценца за производство на електрична енергија, на седницата одржана на 29.01.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство и трговија на електрична енергија НИНЕ СОЛАР ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица, со седиште на ул. ПАВЛИШ ДОЛ бр. 7, Македонска Каменица му се издава лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала „НИНЕ СОЛАР“.

2. Носителот на лиценцата од ставот 1 на оваа одлука ќе ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска централа лоцирана на КП бр. 2089/1, во м.в. Криви Валог, КО Луковица, Општина Македонска Каменица.

3. Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија согласно член 39 став 2 од Законот за енергетика и член 32 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ“, бр. 143/11 и 78/13), ќе донесе одлука за влегување во сила на оваа лиценца, откако инвеститорот од ставот 1 на овој член, во рок определен во Одобрението за градење, ќе достави извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер со кој овој енергетски објект се става во употреба.

4. Жалбата изјавена против оваа одлука не го одлага извршувањето на истата.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Бр. 07 - 223/13
29 јануари 2014 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**Прилог 1**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

**1. Име и седиштето на носителот на лиценцата**

Друштво за производство и трговија на електрична енергија НИНЕ СОЛАР ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица, ул. ПАВЛИШ ДОЛ бр. 7, Македонска Каменица

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата**

Производство на електрична енергија

**3. Евидентен број на издадената лиценца**

ЕЕ – 154.01.1/14

**4. Број на деловниот субјект** – 6873006

**5. Единствен даночен број** – 4063013501030

**6. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**

Како енергетска дејност производство на електрична енергија, во смисла на оваа лиценца, се смета производство на електрична енергија што носителот на лиценцата ќе го врши од обновлив извор, во фотонапонска електроцентрала, во обем согласно техничките карактеристики на производниот капацитет.

**9. Локација на вршење на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори ќе ја врши во фотонапонска електроцентрала „НИНЕ СОЛАР“ на КП бр. 2089/1, во м.в. Криви Валог, КО Луковица, Општина Македонска Каменица.

**10. Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**

Носителот на лиценцата, енергетската дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија ќе ја врши со производен капацитет со технички карактеристики наведени во Прилог 2 кој е составен дел од оваа лиценца.

**11. Право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија**

Носителот на лиценцата има право на приклучување, пристап и користење на системот за дистрибуција на електрична енергија заради непречено вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со закон, друг пропис и општ акт, како и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија одобрени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

**12. Права и обврски за носителот на лиценца**

Со оваа лиценца се определуваат начинот и условите за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија, правата и обврските на Друштвото за производство и трговија на електрична енергија НИНЕ СОЛАР ДООЕЛ увоз-извоз Македонска Каменица, со седиште на ул. ПАВЛИШ ДОЛ бр. 7, Македонска Каменица, (во понатамошниот текст: носител на лиценцата) и неговото учество на пазарот на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен:

- да обезбеди достапност на договорената енергија и/или системски услуги до точката на прием во преносниот или дистрибутивниот систем, во согласност со лиценцата;
- да работи согласно со законите, другите прописи, како и мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција, пазарните правила, и условите определени во лиценците;
- да доставува извештаи, податоци и информации до операторот на електропреносниот систем или операторот на дистрибутивниот систем, во согласност со мрежните правила за пренос или мрежните правила за дистрибуција;
- да доставува до операторот на пазарот на електрична енергија и до операторот на електропреносниот систем податоци и информации од договорите за продажба на електрична енергија, расположливост на производниот капацитет и/или системски услуги, освен комерцијално-финансиските податоци во согласност со пазарните правила;
- да обезбеди електрична енергија за сопствените потреби од своите капацитети или од отворен пазар; и
- да ги одржува во исправна и функционална состојба, производните капацитети кои се вклучени во процесот на производство на електрична енергија, согласно прописите за ваков вид на постројки.

**13. Обврска за одвоена сметководствена евиденција**

Носителот на лиценцата е должен:

- во своите интерни пресметки да води одвоена евиденција за секоја од енергетските дејности за кои што поседува лиценца за вршење на енергетска дејност;
- во согласност со сметководствените стандарди со кои се уредува сметководственото работење на претпријатието да изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат информации за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, како и паричните текови на претпријатието; и
- да обезбедува консолидирани финансиски извештаи.

**14. Обврска за доставување на Годишен извештај за финансиското и деловното работење**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за делокругот на своето работење, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година. Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 10 март во тековната година да достави годишен извештај за работењето на претходната година. Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината;

2) комплет годишна сметка составена од: биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со важечката законска регулатива;

3) превземени мерки:

- за заштита на опремата и објектите од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност;

- за заштита при работа;

- за вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба.

4) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година.

**15. Обврска за доставување на други извештаи, информации и податоци во врска со вршењето на енергетската дејност**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика да доставува:

- во писмена и/или електронска форма, квартални и годишни извештаи за количините на произведената и испорачаната електрична енергија на точка на прием во системот за дистрибуција на електрична енергија;

- известување за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија како и други промени во работењето предвидени во правилникот.

**16. Мерење на произведената електрична енергија и моќност**

Мерење на произведената, односно испорачаната електрична енергија во дистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место во постапка и начин утврден согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

**17. Обврска за овозможување на пристап до производните единици и непосреден увид во документацијата**

Носителот на лиценцата е должен по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да и овозможи непосреден увид во целокупната документација, како и пристап во објектите, деловните простории, простори, инсталации, како и на средствата и опремата потребни за вршење на енергетската дејност, во согласност со Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**18. Квалитет на услугата**

Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

**19. Изменување и продолжување како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Изменување и продолжување, како и пренесување, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика и од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**20. Мерки во случај на неисполнување на обврските од страна на носителот на лиценцата**

Доколку носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика ќе превземе мерки согласно Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности.

**Прилог 2. Податоци за фотоволтаична централа приклучена на дистрибутивна мрежа согласно Табела VI:**

1. име на фотоволтаичен систем – „НИНЕ СОЛАР“; планирана моќност од 832 x 240W = 199,68 kW;

2. топографска карта (мапа) на која е прикажана локацијата на фотоволтаичниот систем во размер 1: 25 000 од Агенција за Катастар;

3. локација на фотоволтаичниот систем на дистрибутивната мрежа – приклучок на електродистрибутивната мрежа, согласно Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивниот систем издадено од на ЕВН Македонија АД Скопје;

4. општи податоци:

- година на почеток на градба - 2014 година,
- година на завршеток на градба - 2014 година,
- година на почеток на работа – 2014 година,
- проценет животен век на фотоволтаичниот систем - 35 години.

5. податоци за опрема:

- број на фотоволтаични модули – 832 x 240W,
- тип, производител и номинални податоци на фотоволтаичниот модул – ZnShine Solar, Кина или слични;
- Номинални податоци на фотоволтаичниот модул:
- Максимална моќност на модул: 240 Wp,
- Максимален напон на модул: 30.6 V,
- Максимална струја на модул: 7.84 A,
- Вкупна инсталирана моќност: 199,68 kW.

6. производител тип и номинални податоци на инвертор – Steca Elektronik Gmbh, Германија; тип Steca Grid 20 000 3ph,

- Номинални податоци на инвертор:
- Максимална моќност на инвертор: 10 X 20 000 W,

7. просечно сончево зрачење на таа локација – 1 720 kWh/m2;

8. очекувано просечно производство на електрична енергија – 277 000 kWh – годишно.

**895.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“, бр. 16/11,136/11,79/13 и 164/13), и член 10, став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“, бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕЛ ТЕ ХИДРО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, на ден 28.1.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 251/12 од 25.3.2013 година, на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕЛ ТЕ ХИДРО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, се продолжува до 20.8.2014 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во Службен весник на Република Македонија.

УП1 бр. 08 - 250/12
28 јануари 2014 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

**896.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“, бр. 16/11,136/11,79/13 и 164/13), и член 10, став 4 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“, бр.18/12, 97/12 и 63/13), а постапувајќи по барањето на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕЛ ТЕ ХИДРО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, на ден 28.1.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 250/12 од 25.03.2013 година, на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕЛ ТЕ ХИДРО ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, се продолжува до 13.11.2014 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во Службен весник на Република Македонија.

УП1 бр. 08 - 251/12
28 јануари 2014 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов.**
**Телефон: +389-2-55 12 400.**
**Телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2014 година изнесува 10.100,00 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2014025